Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2022 година

Скопје, јуни 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:25 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје и Предлог-одлука за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во предложениот текст и

2. Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во предложениот текст.

Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

Точка 3

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Др.Артан Груби**